Согласно потребите друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп го објавува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ПРЕВОЗ НА ТУТУН ОД ОТКУПНИ ПУНКТОВИ ДО МАГАЦИНИ НА ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП ОД РЕКОЛТА 2023г.**

**Купувач:** Тутунски Комбинат АД Прилеп - ( за потребите на Погон Тутун ул. Прилепски бранители бр. 85, 7500 Прилеп)

**Предмет:** Склучување на договор за транспортен превоз на тутуни од откупни пунктови до магацини на Тутунски комбинат АД Прилеп, со динамика по договор.

**Превозот да се врши од следните откупни пунктови:**

Мало Коњари, Тополчани, Кривогаштани, Беровци, Канатларци, Свето Митрани, Норово, Мажучиште, Дупјачани, Лажани, Дебреште, Житоше, Пешталево, Црнилиште, Могила, Дедебалци, Суводол, Радовиш, Конче, Дедино, Ракитец, Ораовица, Али Коч, Подареш, Лопатица, Бучин, Крушеани.

Предмет на договор ќе биде превоз на откупениот тутун во количина од приближно цц 2.430.000 кгр од реколта 2023 г. спакуван во картонски кутии, со времетраење до целосно прибирање на откупениот тутун од откупните пунктови.

**Понудата да ги содржи следните документи:**

- Тековна состојба за правното лице-понудувач не постара од 5 дена од денот на објавување на јавниот повик
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што правното лице-понудувач е регистриран не постаро од 6 месеци од објавувањето на јавниот повик во јавното гласило,
- Изјава на правното лице-понудувач дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари, привремена или трајна забрана за вршење дејност и забрана за учество на постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство,
- Изјава за сериозност на правното лице-понудувач - економски оператор или банкарска гаранција во износ од 5% од вредноста на понудата или депозит на сметката на Тутунски комбинат во износ од 5% од износот на понудата
- Референтна листа
- Изјава на понудувачот со која се обврзува дека во секое време, а на барање на купувачот ќе стави на располагање:

9 товарни возила со носивост 5 тона или 260 картонски кутии
9 товарни возила со носивост 6 тона или 300 картонски кутии
6 товарни возила со носивост 12 тона или 600 картонски кутии

- Изјава од превозникот за согласност со Драфт договорот кој претходно ќе им биде достапен на увид по нивно барање или на страната www.tkprilep.com.mk

**Критериум за избор на најповолна понуда**

Цена изразена во МКД без вклучен ДДВ

**Начин на плаќање:**

Вирмански во рок од 90 дена од доставување на фактура.

Понудите да бидат испратени во две плика и тоа, внатрешното плико да ги содржи називот и адресата на понудувачот, а на надворешното плико да стои називот и адресата на примачот со назнака **"НЕ ОТВАРАЈ - НАБАВКА НА УСЛУГА ПРЕВОЗ НА ТУТУН ОД РЕКОЛТА 2023г".**

**Рок за доставување на понудите:** 01.11.2023г. до 10.00 часот во архивата на Тутунски Комбинат АД Прилеп на адреса ул. Прилепски бранители бр.85 Прилеп.

Отворањето на понудите ќе биде јавно на ден 01.11.2023г. во 10.00 часот во просториите на Тутутнски Комбинат АД Прилеп по што ќе се пристапи кон јавно усно негативно наддавање.

Изборот на најповолна понуда ќе се изврши при самото отворање на понудите со усно јавно негативно наддавање, а почетната цена ќе биде најниската цена од доставените понуди.

Претставниците на понудувачите на денот на отворање на понудите со себе да носат и да доставaт заверено полномошно на нотар со наведено овластување за учество на јавно отворање на понудите и наведено овластување за учество на усно јавно негативно наддавање по однос на јавниот повик за набавка на услуга – превоз на тутун од реколта 2023г.

За дополнителни информации понудувачите можат да се обратат во Тутунски комбинат АД Прилеп.

**Лице за контакт:**

Бранко Хронески тел. 071/386189, е-маил: tutdir@tkprilep.com.mk
Александар Бозароски тел. 075/451-954, е-маил: a.bozaroski@tkprilep.com.mk
Круме Симоноски тел: 076/496-957, е-маил: k.simonoski@tkprilep.com.mk

**Датум**
**18.10.2023г.**

**Тутунски комбинат АД Прилеп**